# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2016 ГОДИНА

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Врз основа на член 20, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (“Службен весник на РМ 63/2007,187/2013,43/2014), Центарот за развој на Скопски плански регион до Советот за развој на Скопски плански регион поднесува:

# ***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН 2015-2019 за 2016 година***

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Скопски плански регион 2015-2019 година го опфаќа периодот јануари-декември 2016 година.

Центарот за развој на Скопски плански регион во координација со 17 (седумнаесет) единици на локалната самоуправа и Градот Скопје во состав на регионот, реализираше активности во 2016 година согласно утврдените приоритети во едногодишниот акциониот план за 2016 година.

Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Скопскиот плански регион 2015- 2019 за 2015 година, опфаќа активности поврзани со реализација на проекти од регионален карактер од страна на општините во Скопскиот плански регион како и Центарот за развој на Скопски плански регион преку Програмите за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, проекти финансирани од фондовите на Европската Унија и други донатори, како и буџетите на општините

Годишниот извештај, опфаќа и проекти од областа на Регионалниот развој кои се финансираат преку други линиски министерства на Р.Македонија, а кои се совпаѓаат со стратешките цели на Програмата за развој на Скопскиот плански регион 2015-2019, како и проекти реализирани од други заинтересирани страни/чинители, во кои Центарот се јавува како партнер или за истите има добиено информација за нивно спроведување .

## ***Визија за регионален развој на Скопскиот плански регион***

**Скопскиот плански регион е конкурентен регион во ЈИЕ со препознатлив потенцијал за инвестиции и развој во функција на подигање на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните и искористување и заштита на природното и културно наследство рамномерно во регионот.**

*Преглед на имплементација на Програмата на Скопски плански регион во текот на 2016 година, даден по стратешки области и конретни цели:*

**I: Подобрена конкурентност на регионот преку потикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура**

## СЦ 1: КЦ 3: Развој на МСП

Главни приоритети за остварување на првата среднорочна цел се:

### 1.3.1 Олеснување на условите за бизнис на МСП

Од оваа програма во 2016 година се реализирани следниве проекти/активности:

♦Изработка на веб портал на Град Скопје за можности за инвестирање

Овој проект е реализиран од страна на Град Скопје

♦Платформа за споделување на деловен простор во Скопскиот плански регион ‘’Сподели деловен простор’’

Овој проект е реализиран од страна на Бизнис Центарот при Центарот за развој на Скопски плански регион. Партнери во проектот се сите општини во Скопскиот регион како и Градот Скопје.

♦Студија за идентификација и воспоставување на кластер за индустриско производство со акционен план за градење на капацитетите на членовите на индустриски кластери и воспоставување на функционална одржливост на индустриски кластер 2015/2016

Проектот е реализиран од страна на Бизнис Центарот при ЦРСПР, а кофинансиран е од страна на УНДП. Целта на студијата е да придонесе за зголемување на соработката меѓу компаниите за успешно поврзување во кластери кој треба да резултира со мрежата на заемно корисни односи со цел размена на информации и идеи, поддршка во однос на нови технологии, истражување и развој, стекнување на вештини, пазари, нови бизнис модели и други сфери од заеднички интерес.

Студијата е завшена и уредно доставена во октомври 2016 год.

### 1.3.3 Размена на искуства и знаење (know how)

Од оваа програма во 2016 година се реализирани следниве проекти/активности:

♦Организација на настани и советодавни информативни средби

Преку овој прокет се организирани 6 (шест) работилници на различни теми, каде што учество земаа преставници од општините , бизнис и невладиниот сектор во СПР.

Овој проект е реализиран од страна на Бизнис Центарот при ЦРСПР, кофинансиран од страна на УНДП и GIZ LEIWW+ (Германското друштво за меѓународна соработка )

## СЦ 1: КЦ 4: Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура

**1.4.1 Подобрување и развој на транспортната инфраструктура**

Од оваа програма во 2016 година се реализирани следниве проекти/активности:

♦„Реконструкција на дел од пристапен пат до рекреативен центар,,Теферич“

Проектот е финансиран од МЛС/БРР 2016 год, и е кофинансиран од општина Кисела Вода. Направена е реконструкција на дел од патот во должина од 500м. Партнери во проектот се Град Скопје и општина Сопиште.

Во рамките на проектот поставен е нов асфалт и тротоари поплочени со бекатон плочи , со што се придонесува во обезбедување на пристапна транспортна инфраструктура која претставува главен предуслов за развој на туризмот како и економскиот развој на целиот регион.

♦,,Реконструкција на пристапен пат Драчево Мотел Китка—Фаза 3’’

Проектот е финансиран од МЛС/БРР 2016 год, и е кофинансиран од општина Студеничани. Направена е реконструкција на дел од патот во должина од 500м. Партнери во проектот се партнери се општините: Зелениково и Сопиште.

Во рамките на проектот направена е реконструкција на дел од патот во должина од 500м. Поставен е нов асфалт и ивичњаци. Досега Центарот за развој на Скопски плански регион, има рекуструирано вкупно 2.230м пристапен пат Драчево – Мотел Китка, преку Бирото за регионален развој.

♦Изработка на техничка документација за (проширување) на булеварот Цветан Димов и Х.Т. Капош (Чаир и Град Скопје)

Изработена техничка документација. Носител на проектот е Град Скопје, додека партнер е општина Чаир.

**III: Подобрен квалитет на животната средина во Скопскиот регион**

## СЦ 3: КЦ 1: Комунална инфраструктура

Главни приоритети за остварување на првата среднорочна цел се:

**3.1.3 Регионално управување со отпад**

Од оваа програма во 2016 година се реализирани следниве проекти/активности:

♦Поставување на подземни контејнери

Проектот е изведен во 2016 година во четири (4) општини и тоа: Кисела Вода, Гази Баба, Чаир и Аеродром на 12 микролокации. Во секоја општина има по 3 микро локации, во кои локации се поставени по 3 контејнери со зафатнина од 3м$^3$. Буџетот за овој проект изнесува 26.400.000,00 ден обезбедени од по 1/3 на сите чинители (Општините, Градот Скопје и ЈП КХС).

Во 2017година проектот продолжува во пет (5) општини со буџет од 33.000.000,00 ден.

♦Замена на метални контејнери со пластични во боја контејнери за мешовит отапд (1500 контејнери)

Во 2016 година заменети се 750 пластични контејнери со буџет 7.380.000,00 ден. и 750 метални контејнери со буџет 13.330.000,00 ден. Проектот продолжува во 2017 година во кој се предвидува промена на 500 пластични контејнери со буџет 6.000.000,00 ден и промена на 500 метални контејнери со буџет 9.000.000,00 ден.

## IV: Одржливо користење на природното и културното наследство, во функција на туризмот

### СЦ 4: КЦ 3: Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда

Главни приоритети за остварување на првата среднорочна цел се:

#### 4.3.1 Поддршка на туристичките оператори за дизајнирање на регионална туристичка понуда во која ќе бидат вклучени повеќе видови на туризам

Од оваа програма во 2016 година се реализирани следниве проекти/активности:

- Креирање и дизајнирање на регионална туристичка понуда на СПР, со изработка на туристички понуди и акционен план за реализација на стратегијата за развој на туризмот во СПР и стратешка оценка на влијание на животна средина на стратегијата за развој на туризмот во СПР 2015/2016

Проектот е реализиран од страна на Бизнис Центарот при ЦРСПР и кофинансиран е од страна на УНДП. Документот е континуитет на веќе изработената Стратегија за туризам на Скопскиот регион во 2012 година и е важен сегмент во насока да се затвори еден циклус, кој е дел од програмата на реализирање на исклучително важни и капитални проекти во градот.

Во целост документот е предаден во електронска и печатена форма во јануари 2016 година.

# ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

ИЗГОТВИЛ:

Ирина Тростјанска

Советник за Административно—технички работи